# НОВА ИСКРА

**Година I - Специјално издание | | ЈУЛИ 2020 | | © издава Марксистичка организација „Црвени“**

# ИЗБОРИ 2020



## ИМПРЕСУМ

НОВА ИСКРА

*Списание за марксистичка теорија и практика во издаваштво на Марксистичката организација „Црвени“*

**Издава:**

Извршен Комитет на Марксистичката организација „Црвени“



**Контакт:**

mo.crveni.mk@gmail.com
ФБ: @novaiskra.page

075/520-508
075/629-809



http://novaiskra.mk/


# ЗА НАС

Марксистичката организација „Црвени“ е југословенска организација на работници и студенти собрани околу идеите за марксизмот. Нашата цел е да изградиме работничка партија, со комунистичка агенда за воспоставување власт на работничката класа, што го сочинува огромното мнозинство од населението на секое модерно општество. Црвените имаат два официјални билтени: списанието „Црвена критика“, на српско-хрватски, и веб-страницата „Нова искра“, на македонски. Во моментов имаме филијали во Босна и Херцеговина, Србија и Македонија.

Граѓанските теоретичари на либерална и конзервативна определба, од кои многумина беа „комунисти“ до вчера, со години нѐ убедуваат дека марксизмот е надминат и дека слободниот пазар нема алтернатива. Тие главно го наведуваат распаѓањето на Советскиот Сојуз и другите сталинистички држави како примери. Во реалноста, колапсот на земјите од Источниот блок и слични држави не значи дискредитирање на социјализмот, туку пропаѓање на деформираните работнички држави, банкротот на сталинистичките режими чие бирократско раководство го фалсификуваше марксизмот и идеите на Маркс, Енгелс и Ленин со цел да ја извадат моќта од рацете на работниците.

Изворните идеи и практики на комунизмот не се спротивставуваат на демократското одлучување. Напротив, комунизмот може да успее само ако произлезе од најдемократскиот облик на управување – од демократијата на работниците, демократија што почива врз моќта на работничките совети. Нашата цел е да го реафирмираме марксизмот како единствена соодветна алатка за критичен и научен пристап за објаснување и решавање на неодложните социјални проблеми. Капитализмот се покажа како непријател на човештвото и околината, во која слободите на човечките суштества се жртвуваат на слободниот пазар и кој не знае други социјални интереси освен интересите на мал број сопственици на крупниот капитал. Од секојдневниот живот јасно се заклучува дека во капитализмот, огромното мнозинство го следи само мизерија и ропство на „работодавците“ заради обичен опстанок. Нема причина секој работен човек да се согласи на такво нешто.

**ПОИНАКВО ОПШТЕСТВО Е МОЖНО И НЕОПХОДНО!**

# СОДРЖИНА

15 ЈУЛИ 2020. СУДЕН ДЕН ЗА НАРОДОТ ИЛИ УШТЕ ЕДНА БИТКА ЗА ПРЕВЛАСТ ВО ВЛАДЕЈАЧКА ЕЛИТА? 5

НЕ НИ СЕ ПОТРЕБНИ ИЗБОРИТЕ 2020 9

ЗОШТО НИ ТРЕБА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА 12

# ВОВЕД

Со задоволство ви го претставуваме специјалното издание од списанието ***Нова Искра***, македонско гласило на Марксистичката организација Црвени, југословенска организација на работници и студенти која има свои филијали во Србија, БиХ и Македонија. ***Нова Искра*** е списание за марксистичка теорија и практика, кое дава анализа на општествените случувања низ призмата на класната борба.

Првата електронска едиција на ова списание ја посветуваме на претстојните избори во Македонија кои треба да се случат на 15 јули. Се решивме на електронска форма поради растечката закана од коронавирусот по здравјето, имајќи го во предвид развојот на состојбите.

Овие избори се специфични поради тоа што се случуваат во ек на пандемијата од КОВИД-19 и на еден доста јасен начин ни ги отсликуваат позициите на двата најголеми политички кампови во државата (СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ). СДСМ успеа да се избори за што е можно побрзи избори, не водејќи грижа за здравствените последици, бидејќи се длабоко свесни дека на есен ќе се почувствуваат економските последици од кризата и во согласност со своите класни преференци, СДСМ ќе се обиде товарот на кризата да го префрли на грбот на работниците и сиромашните. Од друга страна, ВМРО -ДПМНЕ глумејќи грижа за здрвајето на граѓаните, бараше изборите да бидат што е можно подоцна, со цел да капитализираат од големото социјално незадоволство кое ќе се разбуди после економските последици од кризата, како би се вратиле на власт. Се подразбира тоа дека ВМРО-ДПМНЕ нема решение за ниеден горлив проблем на обичниот работник, бидејќи интересите кои тие ги бранат се интереси на капиталистичката класа. Во ваква ситуација, се појавуваат повеќе помали играчи на политичката сцена, кои сакаат да се прикажат себеси како „трета опција“, „трет пат“ со желба да го разбијат монополот на политичката сцена. Веќе видено сценарио со познат крај.

Ставот на марксистите е јасен: ние сметаме дека сите учесници на овие избори ги штитат капиталистичките интереси и не постои партија/коалиција која ги застапува интересите и потребите на работничката класа. Нашиот повик за негласање не смее да се сфати како повик за рамнодушност и летаргија, баш напротив! Ние учествуваме во градење на силите на марксизмот и социјалистичката левица во Македонија и пошироко, како работничката класа би добила свое оружје за политичка борба!

Во текстовите кои следат, ќе анализираме како се развиваше либералната демократија и т.н. плурализам кај нас последните 30 годинии како се создаваше владејачката елита. Потоа ќе видиме зошто овие избори не ни се потребни и зошто буржоаската демократија е измама за работните луѓе, отуѓена од нивните секојдневни животни потреби. За крај, ќе нагласиме зошто ни е неопходна работничка партија со социјалистичка програма за темелна преобразба на општеството во корист на работничкото мнозинство!

# 15 ЈУЛИ 2020. СУДЕН ДЕН ЗА НАРОДОТ ИЛИ УШТЕ ЕДНА БИТКА ЗА ПРЕВЛАСТ ВО ВЛАДЕЈАЧКА ЕЛИТА?

*„Транзицијата беше и остана пекол за работниците, но токму среде тој пекол почна да се гради рајот за газдите т.е. за менаџерскиот слој на поранешните самоуправни претпријатија и новите претприемачи.“*

## Прва фаза (1993 – 2006) – создавање и консолидација на владејачката елита

Деведесетите години на минатиот век беше периодот кога се заврши реставрацијата на капитализмот во Македонија. Поставен врз рушевините кои ги остави Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата, капитализмот ја истакна на површина владејачката елита која ја сочинуваат газдите-милионери и високиот слој чиновници на колонијата – лидерите и високото партиско раководство на водечките партии. Севкупно, во оваа фаза, владејачката елита се создаваше преку преземање на државните претпријатија и проширување на приватните бизниси. Воедно, таа беше компактна, зошто, едноставно кажано




***Прогласување на независноста на Република Македонија***

- имаше плен за сите, тврдење потврдено и од поранешниот премиер Георгиевски, кој малтене се пофали дека луѓето зборувале: „ВМРО крадеше, ама имаше и за народот“. Оваа „славна“ изјава која се однесува на периодот 1998 – 2001 е признание токму на горенаведеното тврдење, иако Георгиевски велејќи „народот“, веројатно мислел на малостопанствениците и занаетчиите.

Да нема забуни... Транзицијата беше и остана пекол за работниците, но токму среде тој пекол почна да се гради рајот за газдите т.е. за менаџерскиот слој на поранешните самоуправни претпријатија и новите претприемачи. Затоа кога се тврди дека во првите две децении од Република

Македонија капитализмот се развиваше (нормално само во интерес на капиталистите и партиските функционери) не треба да се меша со положбата на работниците во тоа време. Дека навистина „имало за сите“ мали, средни и големи капиталисти, показател е релативно мирниот пренос на власта по изборите 1998, 2002 и 2006 година. Но реставрацијата на капитализмот не донесе никаков развој, напротив капиталистичката класа којашто настана тогаш паразитираше врз децениското богатство создадено од производството што работничката држава го изгради.

Капиталистичката класа составена претежно од Македонци, доби нови „колеги“ меѓу 1998 и 2006 година – Албанци, капиталисти и функционерите на ДПА и ДУИ. Државниот имот веќе беше испокраден, а поради тоа беше спремен и теренот за отворањето на пазарот за странските корпорации.


**Поранешниот премиер Георгиевски**

## Втора фаза (2006 – 2017) – крај на наизменичната смена на власта и почеток на концепцијата на еднодецениско владеење.

Изборите 2006 година претставуваат последните редовни избори одржани во Македонија. Сите наредни избори ќе бидат предвремени, што укажува на турбулентноста на втората фаза. Воедно, стапи на сцена светската економска криза од 2008 година. Тезата на поранешното раководство на ВМРО-ДПМНЕ кое пропагандно прогласи дека во Македонија истата не се осети (или барем успешно се преброди) благодарение на нивните сјајни политики, останува само празна теза - пропагандна приказна за гласачите.

Зад завесите, плен снемуваше, а апетитите растеа. Започна периодот на енормно зголемување на надворешниот долг, неопходната инјекција за домашната економија поставена на стаклени нозе. Безмилосната експолатација продолжи, секако проследена со масовно иселување и номинално намалување на невработеноста. Партиските функционери сфатија дека заврши периодот на наизменичното менување на власта, а локалната буржоазија сфати дека мора да избере страна затоа што „нема да има за сите“.

Имено, светската економска криза од

2008 година како да го најави периодот на изборни циклуси во кои опозицијата (тогаш СДСМ) постојано се жалеше на нерегуларни избори (од најразлични причини како: узурпиран медиумски простор, владини реклами без тв дебати, замолчен или исчезнат неделен и дневен печат, изборен поткуп, гласачи од Пустец, или буквално местење изборни резултати).

Дека завршила „златната ера“ на македонскиот плурализам со делумно фер кампања и мирно предавање на власта, доволно е да се потсетиме на 2015 година, и прислушкуваните разговори што ги пушташе опозицијата, и доволно е да се потсетиме на 27 април 2017 кога власта го организираше или барем го дозволи крвавиот упад во Собранието за време на одржувањето на конститутивната седница.

## Избори 2020 – битката за живот или смрт меѓу ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ

Сега пак формално опозициската ВМРО – ДПМНЕ се жали на предизборен поткуп, узурпиран медиумски простор, а за очекување е да следат и обвинувања за гласачи, на пример, од Косово и местење на изборни резултати. Во меѓувреме, месеци наназад опозицијата пушта прислушкувани телефонски разговори и снимки, иако засега не во оној обем во кој се истакна сегашната власт.

Аудио снимката во која Заев ќе му го „ебе мамето мамино на Камчев“, ни потврдува дека не важи веќе „ние крадевме - ама имаше за сите“, туку значи дека апсолутно нема за сите, т.е нема ни за повеќето. Истовремено, тесната соработка на Камчев и Мицкоски, укажува повторно на истото – „нема за сите“, па затоа Камчев не се врати во своето старо јато од 90-тите – СДСМ.

Владејачката класа знае дека нејзиното одржување зависи од воспоставувањето порестриктивни мерки на штедење насочени кон осиромашената со децении работничка класа. Рестриктивните мерки истовремено ќе резултираат со намалени капитални инвестиции и намалување на јавното трошење преку тендерски постапки. Едноставно, нема да има за сите! Дополнително, свесни се дека нема да можат како досега да извлечат свежа крв од работниците, а без големи социјални немири. Тоа е она што ги тера капиталистите стриктно да заземат опозициска или владеачка страна, наместо како досега, да се држат по страна и да соработуваат со секоја власт.





Орце Камчев и Кристијан Мицковски

Владејачката класа, како и секаде во светот, си има најмено цела ергела интелектуалци, новинари, професори, аналитичари, експерти за сè, национални или евроатлантски бапчорки напикани по медиуми, институции и политички партии - сателити. Како и самата владејачка елита, така и овие почитувани гласноговорници, се поделени соодветно во струи. Секако дека во оваа одбрано друштво има и двојни агенти и прелетувачи.

Но најтрагично е  тоа што оваа сага најмногу ги дразни работниците сведени на статистичката категорија - гласачи. Пред нив се распостилаат секакви илузии за судбоносноста на изборите, за одбраната или враќањето на „правната држава“, „за одбраната на „евроатлантските интеграции„ или „за враќањето на името“, за одбраната од „режимската опозиција“ или „за рушењето на хибридниот режим или хунтата“.

И додека се распостилаат овие илузии, секако дека пропагандно се плаче врз судбината на работниците. Дали ќе останат главно имуни на илузиите ќе покаже 15 јули. Битката за освојување на умот на неопределените е креативна и скапа - од холивудски ТВ спотови, билборд насмевки и спонзорираните фб објави (розева кампања за охрабрување) до опоменување „да сеземе судбината во свои раце“ зошто ќе се врател „режимот и заробената држава“ или ќе останела „хунтата“ и на прагот била федерализацијата/кантонизацијата (црна кампања за заплашување).

Севкупно, сведочиме привршување на една валкана кампања меѓу различните струите во локалната владејачка елита, кампања во која изборите се сфаќаат како прашање на живот или смрт. Оттаму, сагата „датум за ковид избори“ не претставуваше ништо друго, освен определување термин за „ферка“ меѓу овие струи коишто кризата на капитализмот ги фрла во меѓусебна битка до истребување.

Сега кога ферката е закажана, останува да се види колкав процент од работниците сè уште веруваат во капиталистичката „парламентарна демократија“. Работниците немаат своја автентична работничка партија – кадровски екипирана со сериозна програма за да ѝ го дадат гласот. Таа партија однатре беше разорена на почетокот на минатата година, а правосилно/извршно судски погребана во јули истата година.

Конечно, колку и да е пренагласено и за некои можеби и претерано, сепак имајќи ја предвид секојдневната бројка на заразени и починати од вирусот ковид-19, останува да се види и колкав процент од работниците, за туѓи бели дворови ќе ризикуваат да си ископаат црни гробови.

***Зоран Василески***
*6 јули 2020*



***Зоран Заев***

## НЕ НИ СЕ ПОТРЕБНИ ИЗБОРИТЕ 2020

*Изборите за Собрание на РСМ на 15 јули 2020 нема да бидат ниту „фер и демократски“ ни „слободни“, затоа што олигархиските партии на легален начин ја узурпираат политичката моќ, од финансии до пропагандно делување во текот на целиот политички живот. Малиот период на предизборни активности (вулгарни реклами, парада на кич, евтино подмитување и додворување) не е време кога граѓаните слободно можат да донесат одлука затоа што слободата значи одговорност за изборните ветувања на политичките избраници кои ја немале до сега, а нема ни причина за промена на оваа нивна лажна улога.*



**Кампања на Државната изборна комисија, 2020**

Разните анкети и истражувања, со исклучок на оние партиските предизборни, можат да се искорист и за некои заклучоци кои се објективни. На пример, што конкретно ги тишти луѓето во нивните секојдневни животи и како овие неисполнети потреби се менувале со текот на времето. Нема да се изненадиме дека основните потреби што не се задоволени во потполност се поврзани со работното место и кариерата (недостаток на работни места т.е. невработеност, недоволни приходи, несигурност и постојан притисок и сл., кариера што е водена од моменталните барања на пазарот, а не од желбата и среќата на човекот). Самите работни места се водени од натпреварувачкиот дух, како врв на современата доктрина на газдите. Семејството како спокојно гнездо е повеќе исклучок отколку правило, затоа што и тоа е излачување на работниот дух во заедницата. Во сета оваа ранливост човекот бара заштита насекаде, па и од пошироката заедница и од државата. Социјалните потреби за образование и култура, за здравствена сигурност и заштита, за мирни пензионерски денови и убава, енергична и исполнета младост се разнишани и неисполнети.

Во заедницата на фрустрирани работници каква што е македонската, како дел од (пост)југословенската заедница, државата создава тврди и меки механизми на привидно исполнување на потребите. Фрустрацијата, таа затруеност од „напредокот“, „развојот“ и „успехот“, се мери во илјадници отпуштања и умртвувања на производните работни места, во растот на криминалот и самоубиствата и покрај хиперинфлацијата на медикаменозни антидепресиви, буџетски одвојувања за залечување на општествените рани. Државниот апарат, тоа орудие на владеачката класа, поставува органи на насилство, што се лесно препознаени како полиција и судство, но




***Негативна кампања на владејачката партија кон опозициска партија за изборите во 2020***

потешко одгатнети како цела машинерија за преобликување на идеите - од факултетите до основните училишта, од религиозните заедници, до медиумскиот простор на интернет, телевизија, весници или книги и најбитно политичките партии и идеологии. Нивната цел, намерена или не, е токму непрепознавање на основните човечки и социјални потреби. На пример, сиромаштијата според оваа машинерија се наметнува како состојба на избор на поединецот, кој нема доволно храброст, ум, итрина или упорност да ја совлада. Религиозната догма би рекла дека така било пишано, или би побарале некоја вина.

Без да навлеземе поопширно во техниките едно малцинство на богати да владее над мнозинството работници, ќе претставиме само една форма - буржоаската демократија. Имено, под буржоаска демократија наречена и граѓанска демократија, како марксисти, подразбираме државно владеење на капиталистите над работничката класа. Ова современо владеење, посебно демократската република, е голем напредок во однос на средновековието и монархиите, но елементите со кои се фалат бранителите на статус кво за оваа наизглед универзална демократија се лажни. Такви лажни аргументи се владеењето на правото, слободата на медиумите и слободата на здружување. Секој кој барем малку е класно освестен, знае дека капиталистите се многу „поеднакви" од работниците пред законот, дека можат да пратат војска или полиција во името на „нарушувањето на редот и мирот" со или без прогласување на вонредна состојба. Ова е сосема јасно секому кој штрајкувал. Слободата на медиумите, печатените и тие на интернет, е ограничена со необјективноста на уредувачката политика на приватно - или државно -управуваните фирми. Независните критики или коментари се ставени на маргините на општеството и немаат начин да се пробијат низ лавината на владеачка идеологија.

Еден од продуктите на демократијата што е секогаш во одбрана на малцинството, е и Собранието - таа невидена и ретко слушана дрдорница без реална моќ. Буржоаската демократија им дава право на мнозинството на секои четири години да одлучат кои од понудените политички партии, исти како јајца, ќе бидат неговите претставници - џелати. Во случајот со Македонија, граѓаните и немаат реална можност за отповикување на нивните избраници - нешто како диктаторчиња со копчиња на 4 години. Овие пратеници и не се избраници на мнозинството туку на партиите.

Демократијата сфатена како чин на тајно гласање е најголемата перверзија на овој доцен капитализам. Зарем некому треба да му е страв ако гласа и довери политика некому. Оваа демократија не е ни малку демократија туку диктатура - моќните капиталисти диктираат сè, од рамните даноци до субвенции за нивните фирми, од победнички нивни проекти и тендери до приватно - јавни партнерства. Демократијата треба да ја замени буржоаската - тоа е работничката демократија, каде мнозинството, кое е вистински информирано за состојбите и промените, директно ги пренесуваат своите намери за политички мерки преку работничките совети со секое право на иземање на дадениот мандат во секое време и моментална замена на непослушните избраници. Работничката

демократија е таква власт на советите каде се управува со целото општествено стопанство коешто е во работничка сопственост.

Малите политички партии (во триве плурални декади веројатно ги имало стотина, реформски сили, вистински или народни или достоинствени вмровци, лиги, сојузи, алијанси или унии на некави демократи), кои постојат заради буџетските донации или други политикански ограничени интереси, се декор на политичкиот циркус со години. Тие не можат да го скршат монополот на партиите, експоненти на капиталот, поради својата опортунистичка и секташка ориентација. Реално постои само една партија која е на сите бројки на гласачкото ливче - партија на капиталот, партија којашто е под целосна и конечна контрола на новите богаташи и слугите на странските профити. Но, комунистите никогаш не кукале за празнотијата на оваа граѓанска демократија, сервирана последните три декади. Уште од пишувањето на Манифестот на комунистичката партија, улогата на комунистите била да претставуваат авангарда, најистакнат напреден дел на работничката класа што не оди против самата класа.

Изборите за Собрание на РСМ на 15 јули 2020 нема да бидат ниту „фер и демократски“ ни „слободни“, затоа што олигархиските партии на легален начин ја узурпираат политичката моќ, од финансии до пропагандно делување во текот на целиот политички живот. Малиот период на предизборни активности (вулгарни реклами, парада на кич, евтино подмитување и додворување) не е време кога граѓаните слободно можат да донесат одлука затоа што слободата значи одговорност за изборните ветувања на политичките избраници кои ја немале до сега, а нема ни причина за промена на оваа нивна лажна улога. Ова и не е некоја голема тајна - обичниот човек затоа и не ја гледа изборната програма, а изборот го прави врз основа на поинакви критериуми. Изборите ќе се одржат без нудење на избор за мнозинството работници, а исходот ќе биде продолжување на нелегитимноста, не само поради малата излезност која работничката класа ќе ја приреди со неорганизираниот бојкот, туку и поради непретставувањето на интересите на избирачите.



**_Негативна кампања на опозициската партија кон владејачката_**

### Каде е работничката класа?

Насекаде. Таа дефинитивно е мнозинство во секоја современа држава. И во РСМ е мнозинство, иако таа ја има изгубено битката пред 30 години со политичката бирократија на СФРЈ. Реставрацијата на капитализмот е сосема комплетирана операција, а според некои бројки Македонија има помалку државен имот од речиси секоја друга европска држава. Во услови на енормна невработеност, класата која создава вредност ослабе и како класа за себе, односно како организирана група на активно учество во заедницата за своите интереси, било да се најелементарните синдикати или партиското здружување. Обидите за такви здружувања на политичка партиска линија во последните три декади беа неуспешни поради немањето на автентична програма. Само таква автентична програма може да се приближи и ја освои работничката класа да застане и да се бори за неа. Оттаму изговорите дека работничката класа е нееманципирана, па затоа нема работничка алтернатива се ставени наопаку, со главата надолу. Работниците кога се организирани се препознаваат како класа и се ослободуваат во политичкиот чин против владеачката класа и нејзините филантропи, советници или раководители.

Работничката класа во услови на продолжени и засилени мерки на штедење ќе делува согласно своите капацитети, но и само тогаш кога ќе биде спремна да ја порази буржоазијата. Во наредниот период заострените борби од лулката на капитализмот ќе се пренесат и во нашата средина. А буржоазијата во Македонија без поддршка на империјализмот е моќна колку што се моќни морските чудовишта и сирените.

***Алек Атевиќ***
*27 јуни 2020*

## ЗОШТО НИ ТРЕБА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА

*Единствена можна работничка партија на овие простори е револуционерна партија со програма за воспоставување на работничка држава со цел воведување социјализам. Работничката држава би управувала со општеството во интерес на работничката класа која е огромно мнозинство, а за кое сите други слоеви се незначително малцинство. Владеење во интерес на народот во основа е владеење во интерес на работничката класа.*

Во нашето секојдневие проблемите со кои се соочуваме изгледаат како паралелен свет на оној кој ни се нуди низ спотовите и кампањите на политичките партии кои денеска постојат. Додека слушаме за некои проблеми кои навидум изгледаат сосемна разумно, тие се толку поедноставени што нам ни изгледаат надреално. „Владеење на правото“, „правда“, „фунционална држава“, некакво исправување, нешто сме можеле... но сепак сите тие слогани се толку општи, а во основа никако не ги допираат нашите најгорливи проблеми.

Она што нас најмногу нè загрижува е тоа каква е нашата иднина, дали ќе можеме да си ги платиме сметките, дали ќе ја задржиме нашата работа, дали ќе има доволно работни места, дали ако се разболеме ќе добиеме адекватна здравствена заштита, што во периодов којшто дојде со појавата на коронавирусот дополнително се усложнува. Но веќе е јасно дека периодот што следи ќе биде период на продолжена економска криза, а тоа уште повеќе ја засилува несигурноста која ни го исполнува животот, токму тој живот во кој треба да уживаме.

Истите прашања ги оптоваруваат мнозинството Албанци и Македноци,

мнозинството жени и мажи, мнозинството без разлика на родова и етничка припадност или сексуална ориентација. Но дали ќе си ги платиме сметките и дали ќе ја задржиме работата или ќе ни ја намалат платата не нè оптоварува сите подеднакво. Еден дел од општеството, малцинство на сопственици кои живеат од големите профити, воопшто не ги загрижуваат овие прашања. Тие живеат доста квалитетен живот, не размислуваат како ќе го поминат месецот, дали ќе одат на одмор и дали имаат доволно пари за да си дозволат било што.

Но штом за мнозинството овие потреби се приоритет, како држава која сака да се кити со владеење во име на народот и со народна волја не успева овие потреби да ги задоволи? Ако мнозинството во општеството се работниците тогаш би требало нивните потреби да се приоритет за власт која владее со народна волја, но тоа не е случај. Тоа е така бидејќи државата во ова општество не им припаѓа на работниците.

## „Слободниот“ пазар на политички идеи

Често слушаме дека во демократските општества, во оние кои се слободни, изборите ја претставуваат волјата на народот, а поддршката



**Профитите се побитни од здравјето на работниците**

ја добива оној кој ќе понуди најдобри идеи. Но ни викаат нашето општество не е на тој стадиум на развој, па затоа кај нас тоа не се случува така. Но колку овие тврдења се реално издржани?

Во општество коешто е засновано на пазарни односи, владетелот, бидејќи својата власт ја заснова на економската моќ и стоковите односи, се поима низ призмата на пазар. За него сè е пазар. Буржујот политиката ја доживува како пазар со мнозинството, што тој ќе понуди во замена непречено да владее, а неговите апологети само ја рефлектираат неговата желба. Па тврдат дека избирајќи од понудата ние одлучуваме за владеењето и политиките. Но како функционира таа демократија, ако воопшто можеме да кажеме дека тоа е демократија, како власта е контролирана од оние во чие име владее? На секои четири години ние одново го поминуваме тој процес на „заедничко одлучување“. Ни се нудат опции од листи составени во партиските штабови, за кои можеме да гласаме се со цел тие нас да нè претставуваат наредните четири години. Потоа оние кои освоиле најмногу пратеници формираат влада која владее во име на мнозинството. Но за што ние одлучуваме? За тоа кој од избраните во штабовите ќе има

право да одлучува, а го гласаме врз основа на она што наводно ќе го претставувал. Овие басни пропаѓаат пред реалноста дека во ова триесет годишно искуство на парламентарна демократија ниту еден од нив не го бранел она за кое ветил, а ние немаме никаков механизам за тоа да побараме одговорност. Не само што не можеме да му го одземеме мандатот, ние не можеме да одлучиме ни дали тој повторно ќе биде пратеник бидејќи за тоа одлучува партискиот штаб. Мошне демократски. „Политичарите се корумпирани во неразвиените земји, затоа ни се случува ова" ги слушаме во хор сите апологети на капиталистите, било од лево било од десно. Значи кога ние ќе се развиеме ќе протече мед по улиците и ќе растат пари на дрвата, секако ако им веруваме на разните либерали и експерти за економски и политички прашања на малите екрани. Но овие весели и шарени сказни се распрскуваат токму во судирот со реалноста. Политичарите не ги одржуваат своите ветувања ни во развиениот свет. Дури и во развиениот свет политичарите законите ги носат под силни влијанија на разни лобисти, здруженија на бизнисмени и интересни групи, а овие лобисти ги претставуваат оние кои слеваат огроми богатства во нивните џебови,



Штрајк на работниците во Италија 2020

капиталистичката класа. Розовиот сон на хорот штотуку се претвори во црн кошмар соочен со реалноста. „Но ако владее правната држава тоа нема да биде така" хорот неуморно се труди да ја спаси парламентарната демократија. На ваквите глупости крајот не им доаѓа... ако законите се носат под влијание на лобистите од преѓе, чиј интерес и кого тие закони штитат?

Можеме до недоглед да ги слушаме бескрајните беседења за либералната демократија, а добриот трговец ќе се обиде и ветер во магла да ни продаде како цврст челик. Но тоа што некој сака да верува дека светот е розово место не го прави таков. Парламентарната демократија функционира на тој начин токму за да го попречи мнозинството да владее, единствено да создава илузија за избор на „слободниот" пазар на политичка понуда. Ние веќе имаме доволно искуство за да согледаме дека која партија и да дојде на власт таа спроведува исти политики во интерес на истото малцинство. Колку и да се велелепни сказните на слугите на капитализмот тоа не можат повеќе да го сокријат. Тоа е така не затоа што нечесни луѓе влегле и ете го копумпирале системот, туку баш поради тоа што систем заснован на

отуѓувaење на вишок вредност, воден од мотив за поголеи профити, е корумпиран систем. Тој систем создава корумпирана бирократија од која овие партии се дел. Тоа се партии засновани на идеологијата на системот, финансирани и контролирани од капиталистичката класа. Но ако ги слушаме експертите и аналитичарите, тие ќе ни кажат дека во парламентарната демократија избраните ќе се спротистават на оној кој ги финансира и контролира. Одвратно е само колку глупави ги сметаат луѓето мислејќи дека веруваат во нивните глупости.

Ако сакаме да си го подобриме квалитетот на нашиот живот, да си ги осигураме работните места, достапноста до бесплатни здраствена заштита и образование, ние нужно мораме да се судриме со оние чиј интерес е тоа да го спречат, капиталистите и нивните марионети во Владата, Парламентот и партиите. Менувајќи ги одново и одново истите марионети со различни маски нема никако да ни помогне во реализација на нашите потреби.

## Општествена преобразба во корист на работното мнозинство

За да добиеме поквалитетни јавни услуги, вклучувајќи ги здравството и образованието, потребно е многу да се вложува во јавниот сектор. Тие програми мора да бидат јавно финансирани со голема количина на средства како би успеале да го подобриме условите за квалитетна услуга. Додека за да ги осигураме работните места и да отвориме нови треба да поминеме цел процес на повторна индустријализација на општеството, но како тоа да го направиме? Но индустријализација не значи само отворање на фабрики, тоа подразбира целосен развој на производството, осовременување на технологијата и машините, зголемување на продуктивноста со високоедуцирани кадри како и вклучување на повеќе луѓе во производството. Искуството ни покажува дека ни домашните ни странските инвеститори не се водат од општиот интерес на работниците и дека дури и кога отвораат индустриски погони тие работни места не се сигурни. Мултинационалните компании кои ги отвораат во секој момент можат да си заминат, а би си заминале во првиот момент кога ќе најдат поповолно место каде би го преселиле погонот. Затоа единствена институција која може тоа да го направи е државата. Повторната индустријализација треба да се спроведе под државна сопственост. Но дали можеме управувањето да го довереме на корумпираните бирократи? Секако дека не. Ништо не ги спречува повторно да го приватизираат како што тоа еднаш веќе го направиле, па затоа неопходно е да се воведе работничка контрола врз индустријата. Работниците се врзани со опстанокот на фабриката затоа што нивниот опстанок и квалитет на живот зависи токму од опстанокот на фабриката. Згора, ако работничката контрола остане исклучиво врз индустирјата ќе да биде скршена и одземена преку институциите на системот, па неопходно е таа да се прошири и врз сите институции.

Можеме да зборуваме за тоа како би се финансирале програмите и индустријализацијата, една можност е преку прогресивното оданочување. Но тука се појавува една бариера, а тоа е капиталистичката класа чиј двигател е профитниот мотив, и таа сигурно не би сакала да се откаже од дел од својот профит, освен ако не биде принудена тоа да го направи. Искуството со реформизмот, како во Грција со СИРИЗА, покажува дека обидот тоа да се спроведе завршува со непослушност и саботажа на капиталистите, често потпомогнати и од интернационалната буржоазија и нејзините продолжени раце, ММФ, Светска банка и ЕУ и САД. За да им се одземе можноста за саботажа и непослушност потребно е да им се тргне темелот врз кој е заснована нивната моќ. Тие се моќни поради богатството што го поседуваат, а со кое можат да потплатуваат разни приватни армии, апологети, па дури и работници кои би спроведувале нивна агенда. Темелот на тоа богатство е приватната сопственост - врз неа е изградена таа моќ. Приватната сопственост на средствата за производство треба да биде укината, а нивното богатство експроприрано како би се користело за индустријализација и изградба на инфраструктура. И додека ваква мисла ни поминува низ глава, веднаш го слушаме

хорот на социјалдемократи, леви либерали и разни реформисти. „Па тоа е револуција, вие сте екстремисти, треба да бидеме цивилизирани" вика гласно хорот. Единствено нешто што ја плаши буржоазијата во систем којшто таа го владее е можноста за револуција, а кога лековерните реформисти во хор се одрекуваат од револуција, капиталистичката класа тоа го гледа како можност да ги уценува, однесувајќи се арогантно и знаејќи дека тие не се подготвени да одат таму кадешто на никој начин не се загрозува нивната позиција. И наместо да спроведат реформи, што секако се потребни, тие завршуваат спроведувајќи често поштетни политики по работникот од самата десница. Единствената можност, затоа, за индустријализација како основа на развој на општеството и подобрување на квалитетот за живот на работничката класа е револуцијата.

Воведувањето на работничка контрола и укинувањето на приватната сопственост врз средствата за производство е дел од процесот на формирање на држава сосема различна од оваа којашто е алатка на капиталистичката класа. Работничката контрола подразбира формирање на работничка држава како основа за вистински демократското владеење на работничката класа во периодот на општествена трансформација. Но овој процес не коже да биде само спонтан - изливањето на револтот на работниците дали во форма на демонстрации или штрајкови е потребно и корисно, но како што и покрај тоа што двигател во парната машина е пареата, а машината нема реална сила без комората, без клиповите, така и револтот нема сила за преобразба без својата комора, работничката партија.

## Од понижени и угнетени кон слободни и исполнети

Во овие триесетина години постоеле обиди работниците да се организираат во автентична работничка партија, но сите тие обиди се покажале неуспешни, делумно поради објективните услови, но исто поради пропустите на оние кои се обиделе да ја формираат. Многу е јасно дека таква партија не може да биде формирана од други политички тенденции туку таа е должност на левицата, оној дел од левицата кој се залага за општествена трансформација и укинување на капитализмот, од која дел сме и ние Марксистичка организација „Црвени". Формирањето на работничката партија е задача на работничката левица.

Основањето на работничка партија е во основа прашање за формализирање на политичката програма. Како што образложивме таа програма не може да биде реформистичка, но тој заклучок не доаѓа само од нашата принципиелна анализа туку и од непосредното искуство. Обидите да се формира таква реформистичка партија која се стреми да биде работничка завршиле неуспешно, било тоа да е „Радничка фронта" во Хрватска, „Левица" во Словенија или „Левица" во Македонија. Ниту една од овие партии не е работничка, ни програмски, ни организациски, ни по членство. Тие се претежно младински со инклинација да прераснат во работнички, не се сврзани со организациите на работничката класа и не се втемелени во работничката класа иако тие, барем декларативно, се стремеле да прераснат во такви. Сите тие обиди покажуваат дека недореченоста на реформистичката програма отвора простор за опортунизам што завршува во група обединета околу исполнување на своите ситни интереси, наместо во организирана и моќна работничка партија. Таа не може да биде апстрактно „левичарска" туку со сосема конкретна програма којашто ги надминува реформизмот и решенијата во рамките на системот. Токму затоа единствена можна работничка партија на овие простори е револуционерна партија со програма за воспоставување на работничка држава со цел воведување социјализам. Работничката држава би управувала со општеството во интерес на работничката класа која е огромно мнозинство, а за кое сите други слоеви се незначително малцинство. Владеење во интерес на народот во основа е владеење во интерес на работничката класа.

Но работничката партија не може да биде работничка само по својата програма, таа треба да биде работничка и по своето членство и организациска структура. Работничката партија



Позади партизанското движење стоеше организирана работничка партија

мора да соработува со борбените синдикати, таа мора да ги поддржува сите работнички борби, секогаш заземајќи ја страната на работниците. Таа мора да биде на секој начин независна од државата и капиталистичката класа, па затоа нужно мора својата сила да ја потпира на работничката класа, а мора и финансиски да биде независна од капиталистите и нивната држава. Само ваква партија може да ги реализира нашите потреби за достоинствен и квалитетен живот.

Ваква партија во Македонија не постои, па затоа таа треба да се изгради. Тоа не доведува до заклучокот дека нашата задача е токму градење на една ваква партија како неопходен предуслов за триумфот на работничката класа во нашата борба за ослободување од експлоатацијата. Секако таква партија не е воопшто лесно да се изгради, а патот на изградба е долг и тежок. На тој пат кратенки не постојат, патот на изградба мора да се изоди целосно, а градењето да е на принципиелни основи. Токму затоа е неопходно да ги изградиме силите на марксизмот кај нас. Нашата цел е преку градење на силите на марксизмот да градиме автентична революционерна работничка партија. Трнливиот пат по кој сме тргнале да одиме мораме да го изодиме, затоа што нема кој друг да ја изгради таа партија ако не ние работниците. Тој пат сами не можеме да го изодиме, потребни ни се луѓе кои се подготвени да се приклучат на борбата и заеднички да ја изградиме таа партија. Затоа МО „Црвени“ ги повикува сите оние, кои сакаат да се вклучат во борбата, кои се согласуваат со нашите програмски основи и принципите на револуционерниот марксизам, да ни се приклучат на нашата организација. Само организираната работничка класа со социјалистичка програма за општествена преобразба може еднаш за секогаш ќе расчисти со угнетувањето и експлоатацијата.

**ЗА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА – ПРОТИВ КАПИТАЛИЗМОТ!**

***Никола Славевски***
*02 јули 2020*




## ПРИКЛУЧИ СЕ!

Марксистичката организација „Црвени“ е југословенска организација на работници и студенти собрани околу идеите за марксизмот. Нашата цел е да изградиме работничка партија, со комунистичка агенда за воспоставување власт на работничката класа, што го сочинува огромното мнозинство од населението на секое модерно општество. Црвените имаат два официјални билтени: списанието „Црвена критика“, на српско-хрватски, и веб-страницата „Нова искра“, на македонски. Во моментов имаме филијали во Босна и Херцеговина, Србија и Македонија.

Доколку сакаш да учествуваш во градењето на силите на марксизмот и работничката класа и сакаш да придонесеш за борбата на сопствената класа и изградбата на нов похуман свет, свет на еднакви луѓе, свет без експлоатација и угнетување, приклучи се на „Црвени“!

**Можеш да ни се приклучиш на било кој од следниве начини:**

Да не контактираш на некој од следните броеви:
**075/520-508**
**075/629-809**

На мејлот на „Црвени“:
**mo.crveni.mk@gmail.com**

На фејцбук страната на Нова Искра или на „Црвени“:
**@novaiskra.page**
**@m.o.crveni**

На контакт формата на вебсајтот:
**http://novaiskra.mk/**

*Капитализмот се покажа како антихуманистички систем, во кој сите слободи се жртвуваат на слободниот пазар и кој не познава други општествени интереси освен интересите на шака сопственици на крупниот капитал. Од секојдневниот живот е јасно дека во капитализмот на огромното мнозинство луѓе им следува само мизерија и робување на „работодавците“ заради обично преживување. Нема причина било кој работен човек да се согласи на такво нешто. Поинакво општество е можно и неопходно!*

**ЗА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА – ПРОТИВ КАПИТАЛИЗМОТ!**

novaiskra.page novaiskra.mk

НОВА ИСКРА